Конфедерација на Работодавачи
на Република Македонија

Confederation of Employers
Republic of Macedonia

C.E.R.M.

Со Вашето учество во
месечниот Весник на
КРРМ
Имате можност да
бидете видени и
посетени во земјата и
странство


КОН БИЛТЕНОТ

РАБОТИМЕ ЗА ДА СТАНЕМЕ ПОДОБРИ

СЕМИНАР - ПРОЦЕНКА НА РИЗИК НА РАБОТНО МЕСТО

КРРМ АДВОКАТ

ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА НАШИТЕ ЧЛЕНОВИ

НАШИТЕ КОЛЕГИ


# Месечен Весник

## за Работодавачите во Република Македонија

www.cerm.com.mk/(превземи)

септември, 2008


www.hrdf.org.mk

ПОЛИКЛИНИКА
ИНТЕРМЕД
www.intermed.org.mk

Decp
Dutch Employers' Cooperation Programme




## КОН БИЛТЕНОТ

Во просториите на Конфедерацијата на Работодавачи секогаш има интресни списнија документи новини од сферата на бизнисот, работните односи интернационалните стандарди итн. Но од Јули месец, на информативниот пулт во просториите на Конфедерацијата може да се најдат и изданијата на месечниот електронски весник за работодавачите во Македонија, секако дека весникот можете да го прочитате и на нашата интернет страница www.cerm.com.mk или да го добиете по пошта, но сепак значајно за нас ќе биде доколку дојдете и не посетите!! Секако дека ќе развиеме уште некоја дополнителна тема која може да донесе плод за кој можеби само мечтаеме.



## НАЦИОНАЛНА ФЕДЕРАЦИЈА НА АГЕНЦИИТЕ ЗА ПРИВРЕМЕНИ ВРАБОТУВАЊА НА МАКЕДОНИЈА

АПВМ TWA

КРРМ и Националната Федерација на Агенциите за привремени вработувања на Р. М. потпишаа договор за соработка, се обврзаа да работат со заеднички сили кон унапредување на работните односи во Р. Македонија.

Федерација на Агенциите за привремени вработувања на Р. М. е Организација на Работодавачи во која членуваат Агенциите за привремени вработувања во Македонија:

- Некст Левел
- Вработување Лизинг
- Танекс - М
- Декра
- Партнер
- Тренк Валдер
- ЕЦС
- Аксиос Вардар



претежната дејност на организацијата е застапување на членовите пред социјалните партнери, домашните и мегународните институции. Претседател на организацијата е г-дин Раде Ненадиќ еден од иницијаторите за основање на организацијата и сопственик на агенцијата за привремени вработувања - Партнер.

Привременото вработување во Р. Македонија е регулирано со закон,но сепак треба да се нагласи дека привремено вработените работници ги уживаат истите права како и вработените на неодредено време. Македонија со кандидатскиот статус за членство во Европската Унија го донесе законот за Агенции за Привремени вработувања и  во тој дел сме водечка земја во регионот, една од задачите на АПМВ е мотивирање и советување на своите членови за почитување на законите и одребите во Р. Македонија, но исто така АПВМ ке се заложува за итно следење на процедурите и стандардите на Меѓународната Организација на Трудот-МОТ-ИЛО со самото тоа и ратификување на Конвенцијата бр.181: Приватни Агенции за Вработување, 1997.



Decp

*Благодарение на несебичната помош на Холандска програма за поддршка на работодавачите - DECP го издаваме месечниот Билтен на КРРМ во кој Ве информираме за активностите на организацијата.*

USAID | MACEDONIA

*Благодарност до УСАИД - Македонија проект за деловно опкружување - BEA за поддршката на web страницата на КРРМ каде ќе биде објавен месечниот Билтен.*

## ПРОДОЛЖУВА УСПЕШНАТА СОРАБОТКА СО ФОНДОТ ЗА РАЗВОЈ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Во текот на септември Претседателот на КРРМ имаше неколку средби со Директорот на Фондот за развој на човечки ресурси (Фонд) на кои се разговараше за идните активности и можностите за понуда на услуги на компаниите во делот на обуките и консултантството. Својата успешна соработка ќе ја продолжат и во иднина.

**Кој е Фондот?**

Фондот е формиран во 2006 година врз основа на Меморандум за разбирање од страна на Министерството за економија, Агенцијата за поддршка на претприемништвото (АППРМ), и уште 45 основачи меѓу кои: и Конфедерацијата на работодавачи на Република Македонија (КРРМ).

Фондот претставува платформа активна во промоцијата на висококвалитетна обука за менаџментот во претпријатијата. Целта на Фондот е да стимулира практична обука чии резултати ќе се користат директно во компаниите со што ќе се создадат поквалитетни и поконкурентни македонски компании како на домашниот така и на странскиот пазар. Фондот ги обезбедува следните услуги:

1) Индивидуализирана обука за менаџмент во рамките на компаниите;

2) Подигнување на свесноста на компаниите за стратегиската улога и ефектите од обуката на менаџментот;

3) Зголемување на претприемништвото воопшто, а посебно кај старт-ап бизнисите; и

4) Подигнување на квалитетот на давателите на обука и на професионалците во земјата обезбедувајќи им модерни и иновативни алатки и техники за менаџмент.



Во досегашната работа на Фондот, обука од различни области успешно завршија приближно 300 менаџери од околу 100 македонски претпријатија. Исто така Фондот изгради и список од околу 50-тина обучувачи и консултанти кои им стојат на располагање на компаниите, своите членови и членовите на КРРМ.



- Со неодамнешното отворање на КРРМ-Прилеп регионалната канцеларија се отвори и можност за впечатливо работење на КРРМ и во Пелагонискиот регион.

Во просториите на КРРМ тимот на Организацијата од Прилеп и Скопје го подготвуваат планот и програмата за 2008/2009 -та година во кој следат конференции, обуки и семинари во областа на социјалниот дијалог, работното законодавство,заштитата на работното место, подобрување на управувањето во компаниите, стандардизацијата, посебено внимание ке се обрати на можностите кои призлегуваат од јавно-приватно партнерство.

## РАБОТИМЕ ЗА ДА СТАНЕМЕ ПОДОБРИ



Консултантите од проектот СЕП 3 во соработка со ЦИРа продолжуваат со активностите за проценка на состојбата на организациите, одредување на приоритетите за подобрување на секоја организација посебно и нивно подобрување.

КРРМи понатаму работи на развојот на организацијата.

На состанокот кој што се одржа на 05.09.2008 год. во канцеларијата на КРРМ, се разговараше за приоритетите на Конфедерацијата и со кои методи ќе се работи за подобрување и унапредување на истите.

На состанокот беа идентификувани приоритетните области на кои треба да се фокусираме и се идентификуваа областите за обука и други активности за градење на капацитети и организационен развој.

Конфедерацијата на работодавачи и понатаму ќе продолжи да се унапредува, се со цел да биде поефикасна и да дава поквалитетни услуги на своите членови.

## ПРОЦЕНКА НА РИЗИК НА РАБОТНО МЕСТО
### *ПРИЛЕП 26/27, Август*

Конфедерацијата на работодавачи на Република Македонија одржа дводневен семинар во Прилеп на тема: ПРОЦЕНКА НА РИЗИК НА РАБОТНО МЕСТО. На семинарот учество земаа повеќе компании меѓу кои имаше претставници од:

- РЕК-Битола,
- ЕЛЕМ,
- Фабрика за шеќер-Бт,
- Елтерм,
- Крин-производство,
- Резонатор,
- Тритекс трејд,
- Микросам,
- 11 Октомври-Еурокомпозити,
- Сокомак,
- Металец-Прилеп,
- Медико-Прилеп,
- Милина-Прилеп,
- Технички факултет од Битола,
- Македонското здружение за заштита при работа
- Микрон, Прилеп

Со подршка од нашиот долгогодишен пријател и партнер Холандската програма за поддршка на работодавачите - DECP и г-дин Jean Marie Standaert како и експертот од Холандија г-дин. Theo-Jan Heesen ја спроведовме обуката - семинарот во која значајно место се одвои за начинот и техниката како се прави проценка на ризик на работно место, како да се исполнат минималните услови за безбедно и здраво работно место. Исто така при посетата на "Микрон" г-дин. Theo-Jan Heesen изврши практична презентација и проценка на ризикот во Фабриката, со следење на работата на вработените, носење на заштитна опрема, сликање и мерење во работната средина (температура, бучава, воздух и сл.).

Извештајот од посетата на фабриката беше презентиран пред учесниците на семинарот, се разви дискусија околу ризиците со кои што се соочуваат вработените и кој е наједноставниот начин тие да се отстранат.

Семинарот помина успешно, со многу поуки и заклучоци во насока на подобри и побезбедни работни места, посигурна иднина на работниците.



КРРМ ги потсетува сите компании во Македонија дека од минатата година стапи на сила Законот за безбедност и здравје при работа, Законот мора да се почитува!!

Најдобро е да се размислува како да се инвестира во потенцијалите на претпријатието за подобра ЗАШТИТА И БЕЗБЕДНОСТ НА РАБОТНОТО МЕСТО и во насока на обезбедување на зголемена конкурентност и продуктивност на самата фирма отколку да се плаќаат казни или трошоци за болнички лекувања!!

*Посебна благодарност до менаџментот на Микрон - Прилеп фабриката за производство на електромотори кој воедно беше и наш домаќин при практичното спроведување на обуката.*

СЕПТЕМВРИ

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 |
| 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 |
| 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 |
| 29 | 30 | | | | | |

## ТРЕНИНГ РАБОТИЛНИЦА ЗА ВЕШТИНИ НА ПРЕГОВАРАЊЕ И КОЛЕКТИВНО ДОГОВАРАЊЕ

29-30.09.2008 Во организација на Меѓународната Организација на Трудот и со помош на Владата на Австрија-Австриската Агенција за Развој ќе се одржи семинар /тренининг работилница за подобрување на вештините за преговарање на организациите на работодавачи.

Семинарот е дел од програмата од проектот за развој на социјалнот дијалог во Р. Македонија во кој учество зема Владата на Р. Македонија, Синдикатите и Организациите на Работодавачите




## ВОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ОДГОВОРНОСТ НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА ВО ЈУГО-ИСТОЧНА ЕВРОПА

Координативното Тело за ООП, во соработка со своите помагатели, продолжува со активностите за поддршка на примената на ООП.

Програмата "Воведување на Општествената Одговорност на Претпријатијата во Југо-Источна Европа" е во тек во Албанија, Босна и Херцеговина, Македонија и Србија, од јуни 2007 година. Црна Гора се приклучи есента 2007 година.

Пристапот кон ООП, како и активностите беа мошне добро прифатени од страна на клучните актери. Ова го потврдува не само бројното учество, туку и фактот дека во работата на ООП активно учествуваат и високо позиционирани претставници во политичкиот, економскиот и општествениот живот.

Следен чекор на проектот е одржувањето на Промотивните Денови на ООП-турнејата од 23 до 25 септември, чија цел е:

- Постојано промовирање на ООП во јавноста;
- Промовирање на примери на успешни приказни од страна на веќе наградените за ООП (како убедливи претставници);
- Иницирање на размена на искуства помеѓу учесниците на програмата, кои доаѓаат од различни земји.

Главниот промотивен настан на трите наградени мали и средни и големи претпијатија за ООП во 2007 година, од земјите учеснички во Проектот (Македонија, Србија, БиХ и Албанија), ќе се одржи на 25.09.2008 година во Скопје.

За време на полудневниот настан, првонаградените компании од регионот ќе имаат можност да ги презентираат своите проекти за ООП, а на второ и трето наградените ќе им биде обезбеден изложбен простор, каде ќе може да изложат промотивни материјали и поблиску да ги запознаат присутните и медиумите со својата работа.

КРРМ Ве поканува да земете учество на настанот, каде ќе можете да се запознаете со активностите на ООП во регионот.

*Ќе ни биде задоволство да земете учество на настанот!*

*Горан Лазаревски*
*Претседател на КТООП,*
*Бошков Миле*
*Претседател на КРРМ*

## ВОВЕДУВАЊЕ СИСТЕМ НА БРУТО ПЛАТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Сојузот на синдикатите на Македонија и Фондацијата Фридрих Еберт на 18.09.2008 година во Струга, организираат тркалезна маса на тема:

ВОВЕДУВАЊЕ СИСТЕМ НА БРУТО ПЛАТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА.

Целта на Тркалезната маса е да се добијат пошироки информации за тоа што значи воведувањето на овој систем на исплата на плати, како и да се запознаеме со искуствата во другите земји во кои тој веќе функционира.

На тркалезната маса ќе учествуваат претставници на синдикатите здружени во ССМ, претставници на синдикати од други синдикални централи во Македонија, претставници од КРРМ, експерти од земјата и странство и невладини организации.

## ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА ОД ПУШЕЊЕТО



Собранието на Република Македонија го прогласи Законот за изменување и дополнување на законот за заштита од пушењето.

Во Законот се додаваат и менуваат нови алинеи кои гласат:

- "Кафеани, кафетерии, ноќни барови, кафе барови, кабареа, дискоклубови и пивници"
- "други јавни простори (сали, канцеларии, работни простории, чекални, ходници и слично)"
- "во објектите во кои се сместуваат гости, може да се определат соби за сместување за пушачи, во најмногу до 30% од вкупниот капацитет на објектот".

Во делот за прекршочни одредби има измени кои гласат:

- "Глоба во износ од 2000 до 4500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице ако постапи спротивно на членовите 3,4,5,5-а,6 и 7 од овој закон."
- "Глоба во износ од 150 до 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице ако пуши во просторија каде што е забрането пушењето".

## ЗАКОН ЗА ТРГОВИЈА



Министерот за Економија донесе правилник Правилник за минимално техничките услови на продажниот објект во кој се врши продажба на алкохолни пијалаци, формата, содржина и образецот на лиценцата и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на издадени и одземени лиценци

*Член 3.*

Посебен продџен простор треба да биде опремен со посебни рафтови за одделните видови на алкохолни пијалоци.

*Член 4.*

Услови кој треба да се исполнат за де се врши продажба на алкохолни пијалоци:

- посебниот дел од просторијата кој е наменет за продажба на алкохолни пијалоци да биде опремен со рафтови и да биде физички одвоен од делот за продажба на безалкохолни пијалоци и други прехрамбени и/или непрехранбени производи
- посебниот дел од просторијата кој е наменет за продажба на алкохолни пијалоци да може да се заклучи и/или на друг начин се ограничи пристапот на потрошувачите после 19.00 часот.

## ЗАКОН ЗА РАБОТНИ ОДНОСИ ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА

КРРМ во ова издание на месечниот електронски весник, Ве потсетува дека Законот за Работни односи, односно измените и дополнувањата по овој закон стапија на сила и треба да се ПОЧИТУВААТ- за да се избегнат консеквенците од примената на казнените одредби спроведени од од трудовиот инспекторат на Р. Македонија.

КРРМ ви објавува дел од членовите на Законот за работни односи.

- член 22, Начин на обезбедување на потребата од работници,
- член 46, Договор за вработување на определено време,
- член 76, Основани причини за отказ,
- член 117, Прекувремана работа,
- член 134, Неделен Одмор,
- член 137, Годишен Одмор,
- член 264, Казни произлезени од прекршок.

Почитувани работодавачи членови на КРРМ,ве замолуваме да обратите внимание на Законот за работни односи ,обратете ни се за копија од законот или толкување на истиот, Законот е објавен на интернет страницата на министерството за Труд и Социјална Политика на Р. Македонија www.mtsp.gov.mk

# ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА НАШИТЕ ЧЛЕНОВИ

## ИНТЕРМЕД

Поликлиника Интермед е посветена на создавањето здрави луѓе преку високо квалитетна грижа за пациентите. Нашата политика е градење на култура на взаемна доверба. Со таа цел активно ги вклучуваме пациентите и нивното семејство во процесот на лекувањето. Ги нудиме своето богато искуство, репутација, софистицирана технологија, безрезервна помош и своите срца на заедницата.

Здравјето е суштината што ги придвижува сите животни уживања, кои без неа бледнеат и неповратно се губат - ПОЛИКЛИНИКА ИНТЕРМЕД

Интермед контакт:

Скопје

Бул. Партизански Одреди бр.61 1000 Скопје

Тел: 3069 693; Факс: 3069 691

Тетово

Кузман Ј. Питу бр: 100 Тел: 044 334 573

Гостивар

Светозар Спировски бр: 4 Тел: 042 273 187

# ПОВИК ЗА НАГРАДА ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ 2008

Ни претставува особена чест да ги повикаме сите компании во Македонија што ги спроведуваат најдобрите практики за човечки ресурси да земат учество и да се пријават за наградата за човечки ресурси што ја доделува Фондот за развој на човечки ресурси.

Заинтересираните компании може да се пријават со пополнување на пријавата што може да ја побараат преку електронска пошта од Фондот (hrdf@hrdf.org.mk) или директно да ја преземат од интернет страницата (www.hrdf.org.mk). Крајниот рок за поднесување на пријавите е 05 октомври 2008 година.

Компаниите треба да ги задоволуваат следниве критериуми:

1. Мало или средно претпријатие, според дефиницијата во законот
2. Да не се занимаваат со производство на тутун, оружје или алкохол
3. Приватни компании со најмалку 51% домашен капитал

На најдобрите 3 компании ќе им биде доделена специјална награда во средината на ноември на посебен настан посветен на промоција на претприемништвото.

Процесот на евалуација ќе го изврши специјално независно жири што ќе биде составено за таа прилика.

## П Р И С Т А П Н И Ц А

**Конфедерацијата на Работодавачите на Република Македонија** е организација чија цел е здружување на работодавачите и организациите на работодавачи заради остварување на правата според важечките закони во Република Македонија.

Полноправно членство во Конфедерацијата на Работодавачите се стекнува со пополнување на оваа пристапница и уплата на членарината.

Доколку сакате да станете член на Конфедерацијата, пополнете ја оваа пристапница и испратете ја во Конфедерацијата на:
Факс: (02) 2400 926
Е-маил: contact@cerm.org.mk
Пошта: П.Фах 692, 1000 Скопје

Дополнителни информации може да добиете на телефон: (02) 2400 926

ФИРМА/ОРГАНИЗАЦИЈА: ____________________

МЕСТО: ____________________ ТЕЛЕФОН: ____________________

ФАКС: ____________________ E-MAIL: ____________________

АДРЕСА: ____________________

Овластено лице кое ќе
Ве застапува во Конфедерацијата: ____________________

Правен статус: (заокружете) 1) ДООЕЛ 2) ДОО 3) АД 4) Здружение 5) Друго ____________

ДЕЈНОСТ: ____________________

Краток опис на производите и/или услугите кои ги нудите:
____________________
____________________

БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ: __________ Извоз (заокружете) Да Не
Увоз (заокружете) Да Не

Жиро сметка: 300000002380319
Банка депонент: Комерцијална Банка
Членарина:
- ☐ за фирми/организации со до 50 вработени/члена - 500 денари месечно
- ☐ за фирми/организации со помеѓу 50 и 500 вработени/члена - 5000 денари месечно
- ☐ за фирми/организации со над 500 вработени/члена - 50000 денари месечно

**ВЕ МОЛИМЕ ПРИСТАПНИЦАТА ЧИТКО ДА ЈА ПОПОЛНИТЕ И ДА ЈА ИСПРАТИТЕ НА АДРЕСА НА КОНФЕДЕРАЦИЈАТА**

М.П. ..........................
потпис

Доколку сакате да ни се придружите, Ве молиме исечете ја оваа страница пополнете ја и испратете ни ја или посетете ја нашата web страница, www.cerm.com.mk за да ја превземете пристапницата.

## НАШИТЕ КОЛЕГИ

УЦМКРР - UBCCE Унија на Црноморско Каспискиот Регион на Работодавачи, организира бизнис форум на тема: Откривање на можностите за инвестирање во југоисточна Анатолија, 21-22.10.2008.
Повеќе на www.ubcce.org

УНИЈАТА НА РАБОТОДАВАЧИ НА ХРВАТСКА ги поканува своите членови и јавноста да се изјасни во однос на Законот за работни односи во постапка на усогласување со директивите од Европската Унија.
Повеќе на www.hup.hr

ЕВРОПСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА ХРАНА (ЦИАА) организира семинар, Брисел 02.10.2008 БСП Декларирање (информации за потрошувачите на храна) информирање и подршка во прехрамбената индустрија на новите членки на ЕУ и земјите кандидатки.
Повеќе на www.ciaa.be

ХОЛАНДСКА ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА НА РАБОТОДАВАЧИТЕ - DECP сака да ги зајакне капацитетите на организациите на работодавачи во земјите во транзиција со пренесување на знаење и искуства преку соработка со националните организации.
Повеќе на www.decp.nl

C.E.R.M.

**Конфедерација на Работодавачи**
**на Република Македонија**

Confederation of Employers
Republic of Macedonia

Скопје, тел./факс: +389 2 2400 926
Прилеп, тел./факс: +389 48 414 672

П. Фах 692
1001 Скопје

e-mail: contact@cerm.com.mk
web: www.cerm.com.mk